# ПРОВИКНА СЕ ЗЕЛЕН ЗДРАВЕЦ




I

Провикна се зелен здравец
из гора зелена:
„Нема цвеќе поубаво
од мене, од мене,
к'д замине сиво стадо
през мене, през мене,
сета гора замириса
на мене, на мене."

II

„Провикна се ран босилек
из бавча голема:
„Нема цвеќе поубаво
од мене, од мене,
к'д китат невестите
со мене, со мене
сета бавча замириса
на мене, на мене."

III

Провикна се ѓул трендафил
из дворја широки:
„Нема цвеќе поубаво
од мене, од мене,
к'д се китат вити моми
со мене, со мене,
сите дворја мирисаат
на мене, на мене."

Димчевски, Ѓорѓи, Седенка се збира, Скопје: Културно-просветна заедница на Скопје, 1986